


**14.04.2025-Понеделник**

## НАСТАНИ




**Денес (14 април), Самостојна изложба на Стефани Брламова "Тишина во слики"**

Манифестацијата „Гевгелија град на култура за 2025 година “ продолжува денес (14 април 2025 година) со Самостојна изложба „Тишина во слики“ на Стефани Брламова. Изложбата ќе биде поставена во Народниот театар- Гевгелија, Галериски простот, а ќе биде отворена од 20:00 часот.

Стефани Брламова за себе и за Изложбата ќе забележи:

- Фотографирам од најмала возраст. Преку кадарот учев да ги забележувам тишините, боите, емоциите. Досега имав чест да бидам дел од неколку групни изложби, но оваа... Оваа е моја. Прва. Самостојна. Во оваа изложба, фотографиите раскажуваат приказни за спокојот, но и за празнината која понекогаш ги исполнува нашите срца,- поканувајќи ги нејзините сограѓани да ја посетат поставката.

Изложбата е со хуманитарен карактер, посветена на сите семејства и поединци погодени од трагедијата што се случи на 16.03.2025 во Кочани. Средствата од продадените фотографии ќе бидат донирани за нивна поддршка.

„Тишина во слики“ е поддржана од Europe House Струмица, а ќе се реализира во соработка со ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




**14.04.2025-Понеделник**




## "Чорбаџи Теодос" на 15 април, на сцената во Народниот театар

Членовите на Драмската секција при ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, на 15 април 2025 година, на сцената во Народниот театар- Гевгелија, ќе ја изведат театарската претстава „Чорбаџи Теодос“. Изведбата ќе започе во 20:00 часот, а влезот е слободен.

Режијата е на Катица Џишева Дупарова, која раководи со Драмската секција, а сценографијата и реквизитите на Гордана Петрова и Александар Јанев.

Изведбата на „Чорбаџи Теодос“, како приказ на работата на Драмската секција при Пионерскиот дом, е дел од програмата за културни активности и настани по повод манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“.




## Надица Петрова со монокомедија гостува во Гевгелија на 16 април

Домот на културата „Македонија“- Гевгелија, на 16 април 2025 година, во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата“, ја носи Надица Петрова со нејзиното stand up шоу „Нада/ Натчето/ Надето и уште некое работи плус“. Stand up комедијата ќе започне во 20:00 часот, а влезот чини 200 денари. Билетите ќе бидат пуштени во продажба од утре (14 април 2025 година), во Народниот театар- Гевгелија, во периодот од 08:00 до 15:00 часот и на самиот ден во истото работно време и пред почетокот на комедијата.

Станува збор за stand up, комбинација од „Која сум јас“, „Не се курчи“ и нешто плус, во продукција на независниот Театар „Златен Елец“ од Скопје.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**14.04.2025-Понеделник**

## ИНФОРМАЦИИ



### Започна изградбата на улици во УБ 5 кај "Касарната" во Гевгелија

Во Урбан блок 5 кај „Касарната“ во Гевгелија во тек се градежни активности за пробивање улици. При изведбата на градежните активности, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, направи увид во воведните работи. За реализацијата на овој проект, истакна:

- Бидејќи станува збор за пробивање нови улици, од страна на изведувачот, најпрво, беше извршено геодетско мерење на теренот за утврдување на трасата. Во наредниот период, согласно техничката документација, следува пробивање, тампонирање и поставување нови рабници. Изградбата на модерна патна инфраструктура за нас е од врвен приоритет, посебно во станбените блокови каде живеат голем број наши сограѓани.



### Се реконструира подот во спортската сала на ООУ "Владо Кантарџиев"

Учениците во ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија ќе добијат подобри услови за спортување со реконструкцијата на подот во спортската сала. Како што најави градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по демонтажата на постоечкиот и дотраен дрвен под, ќе биде поставена нова бетонска плоча за порамнување, по што ќе следува аплицирање на современа хомогена ПВЦ подлога по нови стандарди.

Проектот се спроведува во соработка со Министерство за образование и наука и има за цел континуирано вложување и подобрување на условите во образовниот процес.

**14.04.2025-Понеделник**



## "Јас, на некое друго место"- Театарска претстава што отвора рани и допира до совеста

Во рамките на манифестацијата „Гевгелија град на култура за 2025 година“, гевгелиската публика имаше драгоцена можност да проследи театарска претстава не само што плени со својата уметничка изведба туку и длабоко допира до совеста. На 10 април, во Народниот театар - Гевгелија, беше изведена претставата „Јас, на некое друго место“, од репертоарот на Народниот театар при НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип, чие гостување беше во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“ - Гевгелија.

Под режисерската палка на Јован Ристовски и според драмскиот текст на Ана Ристоска Трпеновска, на сцената беше изведена драмска приказна што отвора рани и повикува на размислување. Претставата преку фантастичната актерска игра на: Марија Минчева- Андонов, Елена Шорова- Дербов, Пеце Ристевски, Ангелка Нашкова, Миле Вратеовски, Ефтим Трајчов, Ава Хусеини и Стефанија Митовска суптилно, но моќно говори за внатрешната празнина, отуѓувањето, рамнодушноста. Носи јасна порака- дека луѓето не треба да заборавaат да мислат едни на други, да си помагаат едни со други и да се разбере што навистина се крие зад „добро сум“. Иако расплетот завршува пред поклонот на актерите, дејството продолжува да трае со одекнување во мислите на гледачот.

**14.04.2025-Понеделник**



## Импозантно свечено отворање на манифестацијата "Гевгелија град на културата за 2025 година"

На 11 април 2025 година, Гевгелија свечено и импозантно го одбележа прогласувањето на градот за културна метропола и официјалното отворање на манифестацијата од национален интерес „Гевгелија град на културата 2025“. Голем број граѓани, културни работници и гости присуствуваа на свеченото отворање на манифестацијата, на отворената сцена на Стариот градски пазар. Меѓу гостите беа министерот за култура и туризам, Зоран Љутков; амбасадорот на Република Туркије, Н.Е господин Фатих Улусој; шефот на економската канцеларија при амбасадата на Република Грција, господин Дукас Маринопулос; директорот на Националниот џез оркестар, господин Гоце Стевковски, како и домаќинот - градоначалникот на Општина Гевгелија, господин Андон Сарамандов. Свеченото отворање на манифестацијата „Гевгелија-град на културата 2025“ започна со интонирањето на македонската химна, како и со едноминутен молк за настраданите во катастрофалниот пожар во Кочани.

Веднаш потоа, присутните ги поздрави министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, кој меѓу другото истакна:

- Оваа манифестација не е само признание, туку и можност да се поддржи локалната културна сцена, да се привлече нова публика, да се развие нова соработка и да се постави Гевгелија на мапата како културен центар кој зрачи со енергија и оригиналност. Тоа е покана - за нова уметност, за свежи идеи, за младинска енергија и за културен туризам што ќе го слави топлиот и автентичен дух на Гевгелија. Овде уметноста е таа што н? поврзува, туризмот ни го отвора градот кон светот, а младите, пак, се нашата иднина. Затоа градот што многумина го нарекуваат и „порта кон Европа“, со својот потенцијал е и културна и туристичка порта кон нови можности. Затоа, да ја отвориме вратата за уметниците, да создадеме нови културни мостови, да го претвориме туризмот во доживување кое ќе раскажува приказни - преку музика, слики, зборови и движење- рече Љутков.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**14.04.2025-Понеделник**



Тој додаде дека Гевгелија е важен туристички центар кој културата ја вградува во туризмот, а туризмот во културата на градот. Затоа, како што рече Љутков, Министерството за култура и туризам оваа година става посебен акцент не само на културното творештво, туку и на развојот на транзитниот и винскиот туризам, како клучни сегменти на локалниот туристички идентитет. Гевгелија, со својата стратешка позиција, може и мора да биде прва станица за сите што влегуваат во нашата земја - и прва можност да се почувствува нашата културна посебност преку гастрономијата, уметноста, виното и гостопримството. Затоа ќе поддржиме програми каде што културата и туризмот може да одат рака под рака - како модерна приказна со длабоки корени. Ќе ги поврземе локалните винарии со културни настани, ќе отвориме нови културно-туристички рути и ќе работиме на тоа транзитните патници да станат туристи, а туристите - амбасадори на нашата култура и културно богатство- рече министерот Зоран Љутков.

Заблагодарувајќи се на укажаната доверба, Гевгелија по вторпат да биде престолнина на културата, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека Општината ќе организира квалитетна и богата програма со голем број културни настани од различни области, заедно со културните институции на локално и државно ниво и во соработка со уметници, професори и културни дејци од општината.

- Во изминатите три години, Гевгелија се продефилира како град со голем број на културни настани и како награда за сработеното, избрани сме за град на културата во 2025 година. Упатувам посебна благодарност за дадената доверба до министерот Зоран Љутков и Министерството за култура и туризам. Благодарност и до сите културни и образовни институции, здруженија на граѓани и културни работници во општина Гевгелија кои дадоа придонес во изготвувањето на програмата која е избрана за одржување на Град на култура. Овој добиен епитет, потенцираше Сарамандов, не е само чест туку и обврска за проширување на културната сцена, создавање нови можности за уметниците и културните работници, како и заложба Гевгелија да биде уште поатрактивна дестинација на културата, а посредно и на туризмот во 2025 година.

**14.04.2025-Понеделник**



Општина Гевгелија, како и до сега, така и натаму, несебично ќе вложува во културата, особено во младите творци. Како Градоначалник, продолжува мојата заложба за создавање средина каде што културата ќе биде достапна за сите затоа што таа е нашиот идентитет. Изминатите три години го обновивме Детскиот фестивал „Калинка“, започнавме со организирање на тридневниот фестивал „Вкуси го југот“, кој полека станува бренд на нашиот град, а по втор пат, се одржува Меѓународниот натпревар во модерен танц „Гевгелија Денс“ каде настапуваат над 600 млади од земјава и од странство. Посебно би ја издвоил работата на големиот број културноуметнички друштва од општината кои се нашите најдобри културни репрезенти, рече Сарамандов. Исто така, во изминатиот период, беше извршена реконструкција на 3 младински дома во населените места Богородица, Прдејци и Моин и услови младите да учествуваат во културни настани и одбележување значајни манифестации.

Потоа присутните го проследија Концертот на Националниот џез оркестар, кој под диригентската палка на Џијан Емин, изведе незаборавни хитови и поп-евергрини од македонската и светската музичка сцена, специјално аранжирани со нов, уникатен звук за оваа пригода. На концертот беа изведени композиции, почнувајќи од македонскиот шлагер „Рандеву“ на Катица Ѓаконовска, па сè до “Ai no Corida“ на Квинси Џонс во изведба на вокалните солисти: Андријана Јаневска, Светлана Јовановска, Дејан Бобиќ и Калина Велковска.

**14.04.2025-Понеделник**




## Со дефиле најавени културните настани за "Гевгелија град на култура за 2025 година"

Над 150 дечиња, со дефиле почнувајќи од ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ до Градскиот плоштад и Стариот градски пазар во Гевгелија, на 11 април 2025 година, пред одржувањето на Концертот на Националниот џез оркестар, го означија почетокот на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“. Децата, членови во културните активности што се одвиваат во Пионерски дом- Драмската секција, Ликовната секција, Секцијата за тапан и гитара, Фолклорниот ансамбл „Бојмија“, Танцовото студио „Мистик“ и Детскиот музички фестивал „Калинка“, низ гевгелиските улици движеа гордо, најавувајќи дека нивниот роден град ќе биде епицентар на културните настани во 2025 година.

Маскирани во пантомимичари, облечени во народни носии и маички со заштитниот знак на „Калинка“, носеа транспаренти со натписи: „Културата нѐ обединува“, „Поддржете ги уметниците“, „Фолклорот се чува со негување“, „Повелете во Музеј“, „Посетете театарска претстава“, „Срце плус имагинација плус разум е еднакво на раѓање на култура“, „На актерите им треба аплауз“ и знаменца со заштитниот знак на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“ и грбот на Општина Гевгелија, повикувајќи ги своите сограѓани да ги проследат настаните и активности од сите области на културата.

**14.04.2025-Понеделник**




## Отворена Самостојната изложба на Митевска "Приказни во тиркиз - Извор на животот" во 20 април

На 11 април 2025 година, во Уметничката галерија „Амам“ во Гевгелија, беше отворена Самостојната изложба на Ана Митевска, „Приказни во тиркиз - Извор на животот“. Во присуство на гевгеличани и гости од други градови на Македонија, беа претставени делата на Митевска, за коишто самата рече:

- Тиркизната боја за мене не претставува само боја, таа е свежина, таа е длабочина, спокој. Таа е вода што тече низ времето и ја носи со себе меморијата на човечкото искуство. Преку овие слики, раскажувам приказни кои се тивки, но длабоки, како водата во амамот. Приказни топли, за женската нежност. Особено ми значи што изложбата е поставена во Амамот, еден вид сведок на минатото, место на прочистување и тишина. Верувам дека токму тука, под камените сводови, делата добиваат нова димензија. Огромна чест ми е што оваа изложба е дел од официјалното отворање на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“! Да ја славиме уметноста како извор на живот, како потреба и како заеднички јазик што нѐ поврзува“.

Пригодно обраќање имаше директорот на НУ Музеј- Гевгелија, Саша Јованов, а кртички осврт за творештвото на Митевска, Јасминка Намичева, автор на неформалната мрежа на музеи „МузеумЛинк“.

Поставката ќе биде изложена во Амамот, до 20 април 2025 година, секој работен ден, од 09:00 до 15:00 часот. Гостувањето на изложбата на Митевска во Гевгелија е резултат на соработката помеѓу НУ Музеј- Гевгелија и Здружението за архитектура, дизајн и култура „Архифакт“- Скопје.

14.04.2025-Понеделник



**"ГЕВГЕЛИЈА ДЕНС ФЕСТ 2025" домаќин на 613 учесника во танцово натпреварување**

На 12 април 2025 година, Општина Гевгелија, во спортската сала „26 Април", беше домаќин на 613 учесника од 9 студија од Република Македонија на 2. по ред Танцов натпревар "GEVGELIJA DANCE FEST". И тоа: БС „Анабела"- Велес, „Старс"- Кавадарци, „Еурека денс"- Скопје, „Магија"- Пробиштип, „Марбал"- Скопје, „Мистик"- Гевгелија, "One Way"- Струмица, "Urban crew"- Кочани и "Urban crew"- Свети Николе. Оценети од стручна жири-комисија, учесниците се натпреваруваа во повеќе возрасти, почнувајќи од 4 години и во повеќе категории- солисти, дуети, групи, формации и продукции. А се претставија во повеќе стилови: класичен и современ балет, џез, show dance, латино и урбаните стилови хип-хоп, street dance show, К поп.

Организатор на 2. по ред "GEVGELIJA DANCE FEST" е Танцовото студио „Мистик", а настанот е дел од културните активности за „Гевгелија град на културата за 2025 година". Значајно е да се одбележи дека од минатата, годинава бројот на учесници беше поголем за 100.




ISO 9001
Q-1441

**14.04.2025-Понеделник**



## Одбележан Патрониот празник на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

На 12 април 2025 година, СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија го прослави својот патронен ден - 73 години од своето постоење. Во преполната сала на Народниот театар присутни беа и вработени и наставници од Техничкото училиште „Михајло Пупин“ од збратимената Инџија. Програмата беше збогатена со учеството на Училишниот хор кој изведе две композиции: An Irish Blessing - James Moore и Gagliarda - Baldassare Donatto, под менторство на професорот Илија Атанасов.

За развојот и идните стратегии и планови на училиштето зборуваше директорот на Училиштето Александар Делиџаков, а свое обраќање имаше и Драгана Винчиќ Младеновиќ, директорка на ТШ „Михајло Пупин“- Инџија, Р. Србија.

За педесетгодишното соработување меѓу овие две училиште беше прикажан и краток филм со наслов: „50 години пријателство “ под менторство на професорот Тони Аврамов.

На манифестацијата беше изведена и театарската претстава „АДСКА МАШИНА“, по текст на Венко Андоновски, во изведба на Драмската група „Дон Кихот“, а во режија на професорката Даниела Џишева. Техничката обработка на аудио-визуелните елементи во претставата беше на професорот Тони Аврамов.

Во претставата учествуваа: Зоран Кундурџиев, Весна Делева, Костадин Узунов, Јована Дупарова, Андреј Димов, Бранко Проданов, Катерина Јовановска и Јован Грозданов, Силвестер Проле, Стефан Миленковиќ и Кристијан Петанчевски. Техничка поддршка: Илија Маркудов, Петар Паласкаров, Марија Шуклева, Јована Мачукова, Борче Стевановски и Давид Кокочев. Водители на манифестацијата беа: Весна Делева и Зоки Кундурџиев под менторство на професорката Александра Ќаева. Манифестацијата се одржа во рамките на „Гевгелија - град на културата 2025“.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**14.04.2025-Понеделник**



## Отворена Мотосезоната 2025- Гевгелија домаќин на настан од меѓународен карактер

Со мотособир од интернационален карактер, во Гевгелија, беше означен стартот на Мотосезоната 2025 година, во организација на Мото клубот „Ретки птици“ од Гевгелија и Мото асоцијацијата на Македонија. Гевгелија беше домаќин на над 700 учесника и љубители на мото спортот од нас 30 клубови од Македонија, како и од Србија и Грција, кои заеднички продефилираа низ градот,  а потоа се дружеа на Градскиот плоштад. Претставувајќи ги пред јавноста и институциите мотокултурата, почитувањето и спроведувањето на сообраќајните правила и прописи, превенција за безбедност во сообраќајнот и почитување помеѓу моторџиите и односот кој заедницата.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, упати честитки до организаторите за настанот и неговата масовна посетеност. Притоа, истакна дека Општина Гевгелија дава целосна логистичка и финансиска поддршка затоа што ваквите настани значително го јакнат туристичкиот потенцијал на Гевгелија.

Организаторите МАМ и МК „Ретки птици“ упатија благодарност до сите Мото клубови и индивидуални моторџии кои земаа учество и со своето учество го збогатија настанот.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk